**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на нотари

УС-опо-нот
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на нотари се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: предмет на осигурување

[1] Со осигурувањето од професионална одговорност на нотари е покриена одговорноста на нотарите за штети настанати поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на нотарот и лицата вработени кај него.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побарува трето лице.

## член 3: осигурен случај

[1] За осигурен случај согласно овие Посебни услови се смета причинета штета која нотарот ќе ја предизвика на трети лица, при вршење на нотарската дејност, доколку е последица на незаконско постапување или непостапување на нотарот согласно прописите кои ја уредуваат нотарската дејност.

[2] Дали преземените или непреземните дејства на нотарот се незаконски, утврдува надлежниот суд со правосилна одлука.

[3] Осигурениот случај треба да биде иден и неизвесен. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејство, односно настанало пропуштање при вршење на дејноста, со кое е предизвикана материјална штета на трето лице.

## член 4: неосигурени опасности

[1] Покрај исклучоците кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, со осигурувањето на нотари од професионална одговорност осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета:

1) која настанала во врска со плаќање на награда и надомест на трошоци на нотарот;
2) која настанала врз основа на незадолжително советување од страна на нотарот;
3) која настанала како последица на злоупотреба на доверени информации за странката од страна на осигуреникот и лицата вработени кај него;
4) која ја предизвикало трето лице на кое нотарот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување на дејност (давање печат за употреба на трето лице и сл.).

## член 5: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку договорено, осигурувачот ја исплаќа заедничката оштета од сите осигурени случаи во една година која изнесува најмногу двојно од договорената осигурена сума.

[2] Во случај на исплата на двојна осигурена сума, осигурителното покритие може да продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 6: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.